Службен весник на Република Македонија

Број 163 **6 ноември 2014, четврток** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

		Стр.
5091.	**Одлука** за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 2	**2**
5092.	**Одлука** за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3	**3**
5093.	**Програма** за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2014 година	**4**
5094.	**Програма** за изменување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2014 година	**6**
5095.	**Одлука** за изменување на Одлуката за запирање на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на политички партии	**7**
5096.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**8**
5097.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**10**
5098.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**12**
5099.	**Договор** за меѓуопштонска соработка меѓу Општина Теарце и Општина Боговиње	**14**
5100.	**Договор** за меѓуопштинска соработка склучен помеѓу Град Скопје и Општина Карпош	**15**
	Огласен дел	**1-48**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

5091.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12) и член 62 став (4) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 75/13, 79/13, 164/13 и 41/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 4.11.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ НА ПРИРОДЕН ГАС ВО РЕГИОН 2

1. Оправданост за јавно приватно партнерство

Член 1

Оправданоста за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 2 произлегува од фактот што порастот на цената на енергенсите во идниот период ќе биде со висока стапка, а граѓаните како и субјектите од комерцијалниот и јавниот сектор потешко ќе може да ги сервисираат финансиските обврски со постојните енергенси.

Обезбедувањето на евтин енергенс ќе доведе до поквалитетно загревање и ладење на резиденцијалните, комерцијалните и јавните објекти, намалување на производните трошоци и заштедување на финансиски средства како за граѓаните, така и за комерцијалниот и јавниот сектор.

2. Цели на јавно приватно партнерство

Член 2

Главна цел на јавно приватно партнерство е обезбедување на квалитетни, оптимални услови во работата на јавни установи од аспект на квалитетно загревање на јавните објекти со добивање на топлинска енергија од систем кој користи енергенс кој е поекономичен, еколошки чист и заштедува финансиски средства, односно ги намалува трошоците во однос на постојниот начин на загревање и систем кој е оддржлив на долг рок, како и за ладење, како и обезбедување на евтин енергенс на комерцијалниот сектор за да може да ја зголемат конкурентноста, одностно пониски производни цени за производите и услугите кои се нудат на пазарот, како и подигање на нивото на условите за квалитетно одвивање на јавните дејности, подигање на еколошките стандарди, подигање на еколошката свест во регионот, обезбедување на средства за нови инвестиции од заштедата и други, како намалување на CO2 во атмосферата, поголема заштита на животна средина и сл.

3. Предмет на јавното приватно партнерство

Член 3

Предметот на јавното приватно партнерство е регион 2 кој го сочинуваат општина Штип, општина Карбинци, општина Зрновци, општина Чешиново - облешево, општина Пробиштип, општина Кочани, општина Македонска Каменица, општина Делчево, општина Пехчево, општина Виница, општина Берово, општина Гевгелија, општина Богданци, општина Валандово, општина Дојран, општина Ново Село, општина Босилово, општина Василево, општина Конче, општина Радовиш, општина Струмица, општина Липково, општина Куманово, општина Старо Нагоричане, општина Ранковце, општина Кратово, општина Крива Паланка, општина Свети Николе, општина Велес, општина Лозово, општина Чашка, општина Градско, општина Росоман, општина Неготино, општина Демир Капија, општина Кавадарци и општина Прилеп и истиот опфаќа:

- изградба на примарна и секундарна дистрибутивната мрежа на природен гас согласно Законот за енергетика и Законот за градење,
- инвестирање во терцијална мрежа (приклучоци) до сите крајни потрошувачи (јавни институции, резиденцијални и комерцијални корисници) вклучувајќи ја и опремата за мерење и регулација (МРС) ,
- дистрибуција на природен гас,
- управување со системот за дистрибуција на природен гас,
- одржување и развој на дистрибутивниот систем и
- инвестирање во адаптација/набавка на опрема за производство на топлинска енергија кај постоечките објекти.

4. Основни услови за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство

Член 4

Основни услови за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство:

- висината на надоместок за приклучок на дистрибутивната мрежа кој ќе го плаќаат крајните корисници (приклучна такса);
- висина на концесиски надоместок;
- искуство во оперирање со дистрибутивни системи за природен гас во урбани средини и
- времетрање на договорот за јавно приватно партнерство.

Другите услови за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство се определуваат во тендерската документација.

5. Вид, начин и рок на постапка

Член 5

Постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 2 ќе се спроведе како постапка на конкурентен дијалог во согласност со Законот за јавни набавки.

Постапката ќе се спроведе во рок не подолг од девет месеци, од денот на објавувањето на оваа одлука.

Постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 2 ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 2 формирана од Владата на Република Македонија.

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 2, ќе треба да подготви тендерска документација, нацрт договор и јавен оглас.

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на

природен гас во регион 2, ќе треба да ја подготви тендерската документација во рок не подолг од 15 дена од денот на формирање на комисијата и да ја достави на одобрување до Владата на Република Македонија.

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 2 го објавува јавниот повик за доделување на јавно приватно партнерство во рок не подолг од пет дена од денот на одобрување на тендерската документација.

6. Надоместок за реализација на договорот за јавно приватно - партнерство

Член 6

Надоместокот за реализација на договорот за јавно приватно - партнерство кој треба да го плаќа приватниот партнер, треба да изнесува најмалку 1% од остварениот годишен приход од оперирањето со дистрибутивниот систем за природен гас, остварен од страна на приватниот партнер.

7. Времетраење на договорот за јавно приватно партнерство

Член 7

Времетраењето на договорот за јавно приватно партнерство изнесува 20 години, од денот на влегувањето во сила на договорот за јавно приватно партнерство.

8. Висина на надоместок за тендерска документација

Член 8

Висината на надоместокот за издавање на тендерска документација се определува во износ од 2.500 евра во денарска противвредност, по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на подигањето на тендерската документација.

На економските оператори кои подигнале тендерска документација по однос на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 2 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2014), истата ќе им биде доставена од страна на Комисијата за спроведување на постапката без надомест.

9. Влегување во сила

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-9551/1
4 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

5092.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12) и член 62 став 4 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 75/13, 79/13, 164/13 и 41/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 4.11.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ НА ПРИРОДЕН ГАС ВО РЕГИОН 3

1. Оправданост за јавно приватно партнерство

Член 1

Оправданоста за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3 произлегува од фактот што порастот на цената на енергенсите во идниот период ќе биде со висока стапка, а граѓаните како и субјектите од комерцијалниот и јавниот сектор потешко ќе може да ги сервисираат финансиските обврски со постојните енергенси.

Обезбедувањето на евтин енергенс ќе доведе до поквалитетно загревање и ладење на резиденцијалните, комерцијалните и јавните објекти, намалување на производните трошоци и заштедување на финансиски средства како за граѓаните, така и за комерцијалниот и јавниот сектор.

2. Цели на јавно приватно партнерство

Член 2

Главна цел на јавно приватно партнерство е обезбедување на квалитетни, оптимални услови во работата на јавни установи од аспект на квалитетно загревање на јавните објекти со добивање на топлинска енергија од систем кој користи енергенс кој е поекономичен, еколошки чист и заштедува финансиски средства, односно ги намалува трошоците во однос на постојниот начин на загревање и систем кој е оддржлив на долг рок, како и за ладење, како и обезбедување на евтин енергенс на комерцијалниот сектор за да може да ја зголемат конкурентноста, одностно пониски производни цени за производите и услугите кои се нудат на пазарот, како и подигање на нивото на условите за квалитетно одвивање на јавните дејности, подигање на еколошките стандарди, подигање на еколошката свест во регионот, обезбедување на средства за нови инвестиции од заштедата и други, како намалување на CO2 во атмосферата, поголема заштита на животна средина и сл.

3. Предмет на јавното приватно партнерство

Член 3

Предметот на јавното приватно партнерство е регион 3 кој го сочинуваат: општина Маврово и Ростуша, општина Гостивар, општина Брвеница, општина Врапчиште, општина Желино, општина Боговиње, општина Тетово, општина Теарце, општина Јегуновце, општина Охрид, општина Дебарца, општина Струга, општина Вевчани, општина Центар Жупа, општина Кичево, општина Македонски Брод, општина Дебар, општина Пласница, општина Ресен, општина Битола, општина Новаци, општина Могила, општина Демир Хисар, општина Кривогаштани, општина Долнени и општина Крушево и истиот опфаќа:

- изградба на примарна и секундарна дистрибутивната мрежа на природен гас согласно Законот за енергетика и Законот за градење,

- инвестирање во терцијална мрежа (приклучоци) до сите крајни потрошувачи (јавни институции, резиденцијални и комерцијални корисници) вклучувајќи ја и опремата за мерење и регулација (МРС) ,
- дистрибуција на природен гас,
- управување со системот за дистрибуција на природен гас,
- одржување и развој на дистрибутивниот систем и
- инвестирање во адаптација/набавка на опрема за производство на топлинска енергија кај постоечките објекти.

4. Основни услови за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство

Член 4

Основни услови за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство :
- висината на надоместок за приклучок на дистрибутивната мрежа кој ќе го плаќаат крајните корисници (приклучна такса);
- висина на концесиски надоместок ;
- искуство во оперирање со дистрибутивни системи за природен гас во урбани средини и
- времетрање на договорот за јавно приватно партнерство.

Другите услови за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство се определуваат во тендерската документација.

5. Вид, начин и рок на постапка

Член 5

Постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3 ќе се спроведе како постапка на конкурентен дијалог во согласност со Законот за јавни набавки.

Постапката ќе се спроведе во рок не подолг од девет месеци, од денот на објавувањето на оваа одлука.

Постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3 ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3 формирана од Владата на Република Македонија.

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3, ќе треба да подготви тендерска документација, нацрт договор и јавен оглас.

Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3, ќе треба да ја подготви тендерската документација во рок не подолг од 15 дена од денот на формирање на комисијата и да ја достави на одобрување до Владата на Република Македонија.

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3 го објавува јавниот повик за доделување на јавно приватно партнерство во рок не подолг од пет дена од денот на одобрување на тендерската документација.

6. Надоместок за реализација на договорот за јавно приватно - партнерство

Член 6

Надоместокот за реализација на договорот за јавно приватно - партнерство кој треба да го плаќа приватниот партнер, треба да изнесува најмалку 1% од остварениот годишен приход од оперирањето со дистрибутивниот систем за природен гас, остварен од страна на приватниот партнер.

7. Времетраење на договорот за јавно приватно партнерство

Член 7

Времетраењето на договорот за јавно приватно партнерство изнесува 20 години, од денот на влегувањето во сила на договорот за јавно приватно партнерство.

8. Висина на надоместок за тендерска документација

Член 8

Висината на надоместокот за издавање на тендерска документација се определува во износ од 2.500 евра во денарска противвредност, по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на подигањето на тендерската документација.

На економските оператори кои подигнале тендерска документација по однос на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во регион 3 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2014), истата ќе им биде доставена од страна на Комисијата за спроведување на постапката без надомест.

9. Влегување во сила

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-9552/1
4 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

5093.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014 и 132/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.10.2014 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ (КВБ) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Во Програмата за превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ) во Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија" број 19/2014), во делот "ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА", табелата се менува и гласи:

	Активност	Реализатори	Износ
1.	Изработка на национална стратегија за превенција, лечење и контрола на кардиоваскуларните болести (квб) во Република Македонија, 2014-2020 година	Комисија за изработка на национална стратегија за превенција, лечење и контрола на кардиоваскуларните болести (квб) во Република Македонија, 2014-2020 година	**50.000,00**
2.	Изработка на прашалник кој ќе се дистрибуира во кардиолошките служби и службите на ИМП до средината на наредната година како би се изработил годишен извештај и пресметка за распространетоста на срцевата аритмија.	Универзитетска клиника за кардиологија Институт за јавно здравје	**30.000,00**
3.	Исплата до Здравствени установи и Македонско лекарско друштво за извршени активности		**3.090.000,00**
4.	Средства наменети за тимот кој ќе ја основа државната кардиохирургија за едукација на специјалистички кадар и среден медицински персонал од областа на кардиохирургијата. Министерството за здравство на Република Македонија врз основа на оваа програма ќе склучува посебен договор за работно ангажирање на секој член од тимот	Министерство за здравство	**4.408.000,00**
5.	Изработка на Национална Програма за исхрана и физичка активност на децата во предучилишните и училишните установи (деца на возраст до 15 год), која ке се имплементира на локално ниво.	Институт за јавно здравје Универзитетска клиника за детски болести	**80.000,00**
6.	Промотивни активности за подигнување на свеста кај населението за ризикот од кардио-васкуларни болести	Институт за јавно здравје)	**300.000,00**
7.	Анализа на анкетните листови и утврдување на критични точки за подобрување на здравствениот статус на населението	Институт за јавно здравје Центри за јавно здравје	**30.000,00**
8.	Изработка на регистар на пациентите со најтешки форми на генетска условена хиперлипопротеинемија поради планирање средства за нивно лекување, односно следење на очекуваните пореметувања на луѓето со крвно сродство.	Институт за јавно здравје Универзитетска клиника за кардиологија Универзитетска клиника за детски болести	**12.000,00**
	ВКУПНО:		**8.000.000,00**

“

По табелата ставот 1 се менува и гласи:

“Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2014 година во вкупен износ од 8.000.000,00 денари.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8640/1
29 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

5094.

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија бр.22/2010 и 136/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.10.2014 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Во Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/14), во Глава „А. ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ (ЦЈЗ)‘‘, дел II „ Санитарно-хигиенска дејност со здравствена екологија “ , точка 1„Процена на здравствено-еколошкиот ризик и приоритетни јавно-здравствени проблеми поврзани со здравствената екологија‘‘, во потточката 1.1 „Процена на здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитетот на водите за пиење и водоснабдувањеето како и воспоставување на здравствена евиденција на водоснабдувањето‘‘ табелата бр.1.1 се менува и гласи:

„Табела број 1.1

Центар за јавно здравје	Број на селски населби	Планиран годишен број на:	
		Санитарно-хигиенски увиди	Лабораториски анализи Физичко-хемиски Бактериолошки
Битола	184	75	900
Куманово	100	70	900
Кочани	86	96	444
Охрид	121	121	460
Прилеп	182	180	1100
Скопје	35	35	500
Струмица	51	51	480
Тетово	180	180	1200
Велес	162	162	860
Штип	36	50	800
ИЈЗ на РМ	/	50	300
Вкупно РМ:	1137	1070	7944

“

Во потточката 1.2 „Процена на здравствено-еколошкиот ризик од квалитетот на површинските води од јавно-здравствен аспект табелата број.1.2 „Следење на квалитетот на површински води‘‘, се менува и гласи:

„ Табела 1.2 Следење на квалитетот на површински води

Центар за јавно здравје	Санитарно-хигиенски увиди	Планиран годишен број Пример вода за физичко хемиска и бактериолошка анализа
Битола	16	60
Куманово	10	20
Кочани	10	32
Охрид	40	130
Прилеп	10	20
Скопје	35	70
Струмица	14	28
Тетово	26	35
Велес	23	122
Штип	9	27
Вкупно РМ:	**193**	**544**

“

Во точка 2. „Безбедност на храна од јавно здравствен аспект‘‘, во потточката 2.1 „Следење на безбедноста на храната наменети за одредени популациони групи со цел да се превенираат болестите поврзани со небезбедна храна‘‘ ,табелите број 1. „Следење на безбедноста на храната во образовни установи; 2. „Следење на безбедност на храната во болници‘‘ и 3. „ Следење на безбедност на храната во домови за згрижување на стари лица‘‘ се менуваат и гласат:

„Табела бр.1 . Следење на безбедноста на храната во образовни установи

Центар за јавно здравје	Број на образовни установи	Санитарно хигиенски увиди	Број на годишни тестирани оброци	Број на годишни брисеви
Битола	6	12	112	110
Куманово	10	20	80	100
Кочани	6	12	48	60
Охрид	5	10	40	50
Прилеп	5	10	40	50
Скопје	15	30	120	150
Струмица	6	12	48	60
Тетово	10	20	160	160
Велес	11	22	88	110
Штип	7	14	56	70
Вкупно	**81**	**162**	**792**	**920**

‘

„Табела бр.2 .Следење на безбедност на храната во болници

Извршители ЦЈЗ	број на објекти	Санитарно хигиенски увиди	Број на годишни примероци за бактериолошка анализа	Број на брисеви
Скопје	6	12	48	120
Битола	4	8	32	40
Велес	6	12	48	120
Тетово	2	4	16	40
Куманово	2	4	16	40
Кочани	1	2	8	20
Штип	2	4	16	40
Струмица	1	2	8	20
Прилеп	1	2	8	20
Охрид	3	6	24	60
Вкупно	**28**	**56**	**224**	**520**

“

„Табела бр.3. Следење на безбедност на храната во домови за згрижување на стари лица

Центар за јавно здравје	Број на објекти	Санитарно хигиенски увиди	Број на примероци за бактериолошка анализа	Број на брисеви
Скопје	2	4	12	20
Битола	1	2	6	10
Куманово	1	2	6	10
Прилеп	1	2	6	10
Вкупно	**5**	**10**	**30**	**50**

“

Во Глава В.“ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ “, дел II „Санитарно хигиенска дејност со здравствена екологија“, точка 1. „Процена на здравствено-еколошки ризик и приоритетни јавно-здравствени проблеми поврзани со здравствената екологија‘‘, во потточката 1.2 „ Вирусолошка анализа на водата за пиење“, ставот 3, се менува и гласи:

„Со мониторинг на вирусите во водата за пиење во Република Македонија ќе се отпочне во 2015 година “.

Табела број 1 се менува и гласи:

„Табела број 1

Подактивности	Рокови/ временски период	Индикатори	Број	Цена (единечна во ден.)	Вкупен износ во (ден)
Апаратура за испитување на вируси во вода за пиење	Набавка во прв квартал 2014 Таспишан тендер 15.01.2014	Набавени апарати и усвоена методологија	1	3.448.500,00	3.448.500,00
Вкупно:					**3.448.500,00**

“

Во точка 8. „Програма за мониторинг на концентрацијата на радонот во Република Македонија“, во потточката 8.3. „Изработка на информативни материјали‘‘, табелата број 2: „Набавка на опрема‘‘ се брише, а табелата број 3 се менува и гласи:

„Табела број 3

активност	количина	Цена (ден.)	Вкупна цена (ден.)
Лабораториска подготовка и отчитување на пасивни радон детектори	1200	500,00	600.000,00
Мерење на радон во почва	105	2000,00	210.000,00
Извештај	2	30.000,00	60.000,00
ВКУПНО			**870.000,00**

“

Во делот „ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА„ по табелата број 2 се додава нов став, кој гласи:

„Од ставката за вонредни состојби ќе се финансираат активностите за: справување со појавата на епидемијата на морбили во Скопје, епидемијата на заразна жолтица во Скопје и Штип, превземените активности при појавата на листерија во Република Македонија и идентификацијата на вирусот на грип.“

Табелата за реализација на пограмата за 2014 година која се однесува на потребните средства по извршители се менува и гласи:

„

А	**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – Скопје**	**16.500.000**
Б.	**Институт за медицина на труд – Скопје**	**355.000**
В.	**Министерство за здравство (вонредни состојби)**	**1.500.000**
Г.	**Институт за епидемиологија -Медицински факултет Скопје**	**150.000**
Д.	**ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**	
1.	Центар за јавно здравје – Штип	1.800.000
2.	Центар за јавно здравје – Тетово	3.200.000
3.	Центар за јавно здравје – Струмица	1.800.000
4.	Центар за јавно здравје – Прилеп	2.300.000
5.	Центар за јавно здравје – Скопје	5.083.550
6.	Центар за јавно здравје – Куманово	3.200.000
7.	Центар за јавно здравје – Охрид	2.300.000
8.	Центар за јавно здравје – Кочани	1.800.000
9.	Центар за јавно здравје – Битола	3.100.000
10.	Центар за јавно здравје – Велес	3.200.000
ВКУПНО: А+Б+В+Г+Д		**46.288.550**
Ѓ. Неизмирени обврски за 2013		**8.711.450,00**
ВКУПНО: А+Б+В+Г+Д +Ѓ		**55.000.000**
Основен буџет		**45.000.000**
Сопствени средства на Министерство за здравство		**10.000.000**

“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8887/1
29 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

5095.

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13), министерот за правда донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ЗА РЕДОВНО ГОДИШНО ФИНАНСИРАЊЕ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Запирањето на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на политичките партии број 11-3335/1 од 09 октомври 2014 година престанува да важи за политичките партии:

1. МБ: 5667461 – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ (не е доставен извештај од регистар на примени донации / член 25):
2. МБ: 5886929 – ВМРО – НАРОДНА ПАРТИЈА (не е доставен извештај од регистар на примени донации / член 25);
3. МБ: 6853943 – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ (не се доставени: извештај од регистар на примени донации / член 25, годишна сметка / член 26 став 3 и годишен финансиски извештај / член 27);

Оваа одлука е конечна и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ согласно член 27-б став 6 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/0, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13).

О б р а з л о ж е н и е

Државниот завод за ревизија достави барање за изземање на политичките партии број 36-649/3 од 15.10.2014 година од Предлогот на Државниот завод за ревизија поднесен до Министерството за правда за донесување на Одлука за запирање на исплатата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на политичките партии кои ги исполниле обврските за финансиско известување за 2013 година.

Државниот завод за ревизија достави известување дека политичките партии ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ, ВМРО – НАРОДНА ПАРТИЈА и ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ ги исполниле целосно своите обврски за финансиско известување за 2013 година.

Со оглед дека наведените политички партии ги исполниле условите за запирање на забраната за исплата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија , па согласно член 27–б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13), се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука политичките партии можат да поведат управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавување на истата во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-3335/4
24 октомври 2014 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

5096.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11, 79/13 41/14 и 151/14), како и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство,трговија и услуги ЕЛ ТЕ ХИДРО ДООЕЛ експорт – импорт Скопје до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 6.11.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство,трговија и услуги ЕЛ ТЕ ХИДРО ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со седиште на ул. Желево бр.2-2/10 Скопје му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала МХЕЦ „Коњарка “ бр.236.

2. Носителот на лиценцата од ставот 1 на оваа одлука ќе ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала во Општина Новаци.

3. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 39 став 2 од Законот за енергетика и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11, 78/13), ќе донесе одлука за влегување во сила на оваа лиценца, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член, во рок определен во Одобрението за градење, ќе достави извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер со кој овој енергетски објект се става во употреба.

4. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага извршувањето на истата.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-174/14
6 ноември 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштвото за производство,трговија и услуги ЕЛ ТЕ ХИДРО ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со седиште на ул. Желево бр.2-2/10 Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија

3. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ – 210.01.1/14

4. Број на деловниот субјект – 6658466

5. Единствен даночен број – 4057010510410

6. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија на енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроелектрана, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во мала хидроелектрана МХЕЦ „Коњарка “ бр. 236 на КП 26/2, КП 26/3, КП 26/5 и КП 1405/3 ИЛ бр.332 и 334 КО Скочивир, општина Новаци.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на носителот на лиценца како и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да:

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, заштита на работниците, заштита на техничките средства и опрема;
- ги почитува, Пазарните правила, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон;
- се придржува кон законите, прописите, стандардите, препораките и други општи акти,
- доколку носителот на лиценцата се стекне со Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за откупување на целокупната произведена електричната енергија во мала хидроелектрана, да го почитува Договорот склучен со МЕПСО АД Скопје, односно Операторот на пазарот на електрична енергија, за откуп на целокупната произведена електрична енергија;
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- обезбеди достапност на планираната електрична моќност и енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- го достави Договорот за откуп на електрична енергија до Регулаторната комисија за енергетика;
- се придржува кон склучениот Договор за откуп на електрична енергија;
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

13. Планирање на одржување на производните капацитети

Заради сигурно и ефикасно функционирање на производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, носителот на лиценцата е должен истите да ги одржува во исправна и функционална состојба.

Носителот на лиценцата е должен секоја година, најдоцна до 10 март, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесе План за одржување на производните капацитети за период од пет години, годишна програма за реализација на планот, како и мислење за услогласеност на Планот од носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија.

Планот за одржување на производните капацитети особено треба да содржи:
- опис на функционална состојба на производните капацитети;
- потреба од ревитализација на производните капацитети;
- финансиски извори за реализација на планот.

14. Обврска за информирање

Носителот на лиценцата е должен да им ги обезбеди на операторот на преносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, снабдувачот со електрична енергија односно снабдувачот со електрична енергија во краен случај како и носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Пазарните правила.

15. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:
- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

16. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија ги добива од сите учесници на пазарот на електрична енергија.

17. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. обемот на производство на електрична енергија во текот на претходната година, вкупно и за секој производен капацитет поодделно (вкупна количина на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија, сопствена потрошувачка, број и времетраење на планираните и непланираните прекини, како и за причините за нивно настанување);
2. финансиски извештај за енергетската дејност производство на електрична енергија, составен од:
   - биланс на состојба и биланс на успех,
   - извештај за промените во главнината,
   - извештај за паричните текови,
   - применетите сметководствени политики, и
   - други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди;
3. превземени мерки во текот на претходната година за:
   - заштита на објектите и средствата преку кои се врши енергетската дејност од надворешни влијанија и хаварии, како и нивно осигурување,
   - заштита при работа,
   - обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,
   - заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
   - спроведување на мониторинг врз сопственото работење,
   - обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,
   - обезбедување на енергетска ефикасност,
   - вршење на енергетската дејност во услови на кризна состојба, како и воена и вонредна состојба;
4. остварување на годишната програма за реализација на Планот за одржување на производните капацитети, во претходната година;
5. извршување на програма за ремонти во претходната година;
6. состојба со кадровска екипираност за извршување на поодделни задачи при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија;
7. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;
8. бизнис план за тековната година и оценка за реализирање на бизнис планот во претходната година;
9. превземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

18. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:
- во писмена и/или електронска форма, месечни и квартални извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

19. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

20. Физичка заштита на производниот капацитет од надворешни влијанија и хаварии

Носителот на лиценцата е должен во рок од шест месеци од датумот на издавање на оваа лиценца да донесе План за физичка заштита на производните капацитети и должен е истиот да го достави до Регулаторната комисија за енергетика.

21. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

22. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно пропишаниот правилник за снабдување со електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

23. Изменување и дополнување на лиценцата

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

24. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

ПОДАТОЦИ ЗА ОПРЕМАТА ЗА МХЕЦ КОЊАРКА 236

- број на производни единици (агрегати):.....еден
- проценет животен век.....40 години
- тип, производител и номинални податоци за турбината:
- тип Пелтон со хоризонтално вратило
- производител ..... ВАПТЕК-Бугарија
- нето пад .....182 m
- номинален проток.....0,605 m3/s
- број на вртежи.....750 min-1
- максимална моќност.....968 kW
- тип, производител и номинални податоци за генераторот:
- тип - трофазен синхрон генератор
- вратило вертикално
- работен напон 0,4 kV
- фреквенција 50 Hz
- производител: ..... Хидрогенератор MJT 500 SA10 Mareli, Италија
- номинална привидна моќност.....1250kVA
-.номинална активна моќност.....1000 kW
- број на вртежи.....700min-1
- cosφ.....0.8
- тип, производител и номинални податоци за трансформаторот:
- тип .....трофазен сув
- преносен однос.....0,4/10 kV/kV
- моќност.....1250 kVA
- фреквенција.....50 Hz

5097.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 41/14 и 151/14), како и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Струмица, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 6.11.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. Ванчо Прке бр.18. Струмица му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала „МХЕЦ Топлец“.

2. Носителот на лиценцата од ставот 1 на оваа одлука ќе ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала лоцирана на КП бр. 468 КО Нов Дојран вон градско подрачје.

3. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 39 став 2 од Законот за енергетика и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11, 78/13), ќе донесе одлука за влегување во сила на оваа лиценца, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член, во рок определен во Одобрението за градење, ќе достави извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер со кој овој енергетски објект се става во употреба.

4. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага извршувањето на истата.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-181/14
6 ноември 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. Ванчо Прке бр.18. Струмица

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија

3. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ – 209.01.1/14

4. Број на деловниот субјект – 6566413

5. Единствен даночен број – 4027010510830

6. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во мала хидроцентрала „МХЕЦ Топлец “ на КП бр. 468 КО Нов Дојран вон градско подрачје.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. Ванчо Прке бр.18. Струмица, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- за заштита при работа;
- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца,

Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

VI. Податоци за мала хидроцентрала приклучена на дистрибутивна мрежа:

1. име на мала хидроцентала – „МХЕЦ Топлец“;
2. локација на приклучок на „МХЕЦ Топлец“ - на електро дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија АД Скопје, согласно решение за согласност за приклучување;
3. општи податоци:
   - година на почеток на градба - 2013 година,
   - година на завршеток на градба - 2014 година,
   - година на почеток на работа – 2014 година,
   - проценет животен век на МХЕЦ - 35 години.
4. податоци за турбина
   - Франсис хоризонтална,
   - моќност 212 kW,
   - инсталиран проток 0,445 m3/s,
   - номинален пад 58,49 m,
   - брзина на вртење 1.000 min-1
5. податоци за генератор
   - број на производни единици - 1,
   - генератор трофазен синхрон SFW 200-6/740,
   - моќност 200 kW,
   - брзина на вртење 1.000 min-1
6. трансформатор – 400 kVA.

5098.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштво за трговија, производство и услуги ЛАЗАРО СОЛАР ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.“Борис Трајковски” бр.109 Скопје, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 5.11.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за трговија, производство и услуги ЛАЗАРО СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.“Борис Трајковски” бр.109 Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија во фотонапонска електроцентрала ФВЕЦ „ЛАЗАРО“.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија“, кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-202/14
5 ноември 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштво за трговија, производство и услуги ЛАЗАРО СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.“Борис Трајковски” бр.109 Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија

3. Датум на издавање на лиценцата

05.11.2014 година

4. Датум на важење на лиценцата

05.11.2049 година

5. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ - 208.01.1/14

6. Број на деловниот субјект - 6788939

7. Единствен даночен број - 4080012529218

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во фотонапонска електроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала „ЛАЗАРО“ на КП бр. 1226/48 КО - Демир Капија, Општина Демир Капија.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштво за трговија, производство и услуги ЛАЗАРО СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.“Борис Трајковски” бр.109 Скопје, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- за заштита при работа;
- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

VI. Податоци за фотоволтаичен систем приклучен на дистрибутивна мрежа:

1. име на фотоволтаичен систем - ФВЕЦ „ЛАЗАРО“ со планирана моќност од 49,75 кW;

2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - на електродистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија АД Скопје, согласно решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа;

3. општи податоци:

- година на почеток на градба - 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа - 2014 година,
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем - 40 години.

4. податоци за опрема:

- број на фотоволтаични модули - 165 x 300 W и 1 x 250 W,
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул - Topray Solar I Hanwha;
- Номинални податоци на фотоволтаичниот модул:
- Моќност на модул: 1 x 250 Wp и 165 x 300 Wp,
- Вкупна инсталирана моќност: 49,75 кW.

5. тип, производител и номинални податоци на инвертор - Huawei Кина;

- Номинални податоци на инвертор:
- Максимална моќност на инвертор: 2 x 19,2 kW и 1 x 11,4 kW

6. годишно сончево зрачење на таа локација - 1160 kWh/m2;

7. очекувано производство на електрична енергија - 58,3 MWh - годишно.

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

5099.

Врз основа на член 9 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09), член 14 и 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Теарце и општина Боговиње, бр.07-828/1 од 30.05.2014 год. и Одлуката за воспоставување на меѓу општинска соработка меѓу општина Боговиње и општина Теарце бр.07-937/5 од 09.05.2014 год. Градоначалникот на општина Теарце, Исен Асани од една страна како корисник на услуги (во понатамошниот текст-корисникот) и Градоначалникот на општина Боговиње, Хазби Идризи од друга страна како давател на услуги (во понатамошниот текст-давателот), на ден 15.10.2014 година, склучија

Д О Г О В О Р
ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу двете договорени општини, согласно член 14 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на РМ“ бр.79/09) и Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр.07-828/1 од 30.05.2014 година

донесена од Советот на општина Теарце за вршење услуги за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот – проценител, помеѓу општина Теарце и општина Боговиње.

II.ВИДОТ НА РАБОТИТЕ

Член 2

Проценителот на општина Боговиње ќе врши услуги и во општина Теарце за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот - проценител, согласно Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012 и 188/2013).

Член 3

Проценителот на општина Боговиње е должен да го известува раководителот на субјектот, односно градоначалникот на општина Теарце за сите извршени работи и евентуалните неправилности, нерегуларности во текот на неговата работа.

III.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорените страни се согласни надоместокот за вршење на услугата да биде на товар на општина Теарце, односно корисникот на услугата се согласува да исплати надоместок во износ од 15.000,00 денари месечно на општина Боговиње.

IV.РОК, МЕСТО И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 5

Извршување на услуга ќе се врши по потпишување на договорот во период од 15.10.2014 до 31.12.2015 година.

Извршувањето на услугите мора да бидат во рамките на роковите пропишани со законските и подзаконските акти од оваа област.

Член 6

Местото на извршување на услугите е во седиштето на корисникот на услугите.

Член 7

Давателот на услугите се обврзува да ги изврши обврските од овој договор.

Плаќањето за извршените услуги ќе се врши во рок од 15 дена по приемот на фактурата заверена од страна на давателот на услугите и потврдени од корисникот на услугите.

V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Овој Договор може да се раскине спогодбено од двете договорени странки, по претходно известување на една од страните во рок од 30 дена.

За се што не е регулирано со овој Договор, важат и ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 9

Во случај на спор по овој договор, помеѓу договорени страни, доколку спорот не се реши спогодбено, ќе се реши пред надлежен основен суд Тетово.

За измените и дополнувањата на овој договор, договорените страни склучуваат анекс Договор.

Член 10

Овој договор е составен од 6 еднообразни примероци од кои 2 (два) се за давателот на услугите, 2 (два) за корисникот на услугите, 1 (еден) за објавување во "Службен весник на РМ" и 1 (еден) за Министерството за локална самоуправа.

Бр. 08-644/2	Бр. 08-937/6
15 октомври 2014 година	15 октомври 2014 година
Теарце	Боговиње
Општина Теарце	Општина Боговиње
Градоначалник,	Градоначалник,
Исен Асани, с.р.	**Хазби Идризи,** с.р.

5100.

Д О Г О В О Р

Склучен во Скопје 2014 година помеѓу договорните страни:

1. Град Скопје, со седиште на улица Илинденска 82, застапуван од Градоначалникот на Град Скопје г-дин Коце Трајановски (во натамошниот текст: Град Скопје) од една страна и

2. Општина Карпош со седиште на ул.Радика 9, застапувана од Градоначалникот Стевчо Јакимовски (во натамошниот текст: Општината), од друга страна.

I ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу Градот Скопје и општина Карпош, со кој се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел:

- Изградба на крак од ул.Војвода Васил Чакаларов (поранешна Адолф Циборовски) за пристап и паркинг на станбените објекти ``Порта Козле`.` Договорот се склучува по претходно донесени одлуки за меѓуопштинска соработка од страна на Советите на општините согласно Законот за меѓуопштинска соработка.

Советот на Град Скопје на дваесет и седмата седница одржана на 7.7.2014 година, донесе Одлука бр.07-4701/1 од 7.7.2014 година.

Советот на општина Карпош на дваесет и првата седница одржана на 3.10.2014 година, донесе Одлука бр.07 -6723/14 од 3.10.2014 година.

II НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Член 2

Градот Скопје и општината Карпош во остварување на соработката ќе учествуваат со финансиски средства во вкупен износ од 6.631.600,00 денари и тоа:

- 3.315.800,00 денари за изградба на крак од ул. „Војвода Васил Чакаларов“ (поранешна Адолф Циборовски) за пристап и паркинг на станбените објекти „Порта Козле“ ќе обезбеди Град Скопје и

- 3.315.800,00 денари за изградба на крак од ул. „Војвода Васил Чакаларов“ (поранешна Адолф Циборовски) за пристап и паркинг на станбените објекти „Порта Козле“ќе обезбеди општина Карпош.

III НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА

Член 3

Средствата предвидени во член 2 од договорот ќе се наменат исклучиво за реализација на предметот на договорот.

IV СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Член 4

Јавната набавка за избор на економски оператор со кој ќе се склучи договор за изведување на работите кои се предмет на овој договор ќе ја спроведе општината Карпош.

V НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Град Скопје ги уплаќа средствата предвидени во договорот на сметка на општина Карпош, која е должна претходно да достави соодветна документација, фактура, ситуација, оверени од надлежен надзор и општината и доказ дека ги платила финансиските средства со кои учествува.

VI НАДЗОР

Член 6

Надзор над вршењето на работите ќе го определи општина Карпош.

VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои 4(четири) за Град Скопје и 2 (два) за општина Карпош.

VIII ПРАВНА ЗАШТИТА

Член 8

Евентуалниот спор помеѓу Градот Скопје и општината Карпош во врска со предметот на овој договор ќе го решава Управниот суд во Скопје.

Бр. 08-7114/1
17 октомври 2014 година
Скопје

Град Скопје
Градоначалник,
Коце Трајановски, с.р.

Бр. 03-7367/1
21 октомври 2014 година
Скопје

Општина Карпош
Градоначалник,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. Ъ Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД Ъ Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014163